**20261211749**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 став (5) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24, 272/24 и 258/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 јуни 2026 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ

Член 1

Во Уредбата за управување со јавни инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.78/25) во член 6 во ставот (3) зборовите „како нова иницијатива” се бришат.

Член 2

Во член 15 во ставот (5) по точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи: „Бодовите за критериумите за одредување приоритетни предлог проекти се дадени во Прилог 4, кој е составен дел на оваа уредба“.

Член 3

Во членот 25 зборовите „согласно членот 13“ се заменуваат со зборовите „согласно членот 11“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3932/9
2 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

Прилог 4: Бодови за критериуми за одредување приоритетни предлог проекти

| | Критериуми | Опис | Метод на мерење | Пондер |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приоритетност на проектот за предлагачот на проектот за јавна инвестиција | Критериумот го одразува релативниот приоритет на предлог проектот за ресорното министерство/јавен субјект. | **3 бода** – предлог проект од највисок (прв) приоритетен ред на ресорното министерство/јавниот субјект (потврдено со формална комуникација)<br>**2 бода**– предлог проект од втор или трет приоритетен ред на ресорното министерство/јавниот субјект (потврдено со формална комуникација)<br>**1 бод** – предлог проект од четврти и следни приоритетени редови на ресорното министерство/јавниот субјект (потврдено со формална комуникација) | **30%** |
| 2 | Стратешка релевантност на предлог проектот | Критериумот оценува каков е придонесот на предлог проектот кон стратешките развојни цели на Северна Македонија. | **3 бода**– Предлог проектот е директно наведен во секторската стратегија или развојна стратегија на национално ниво<br>**2 бода**– Предлог проектот е во согласност со секторската стратегија или развојна стратегија на национално ниво, но не е директно наведен<br>**1 бод**– Предлог проектот е поврзан со друг стратешки документ, различен од секторската стратегија или развојна стратегија на национално ниво. | **25%** |
| 3 | Економска исплатливост на предлог проектот | Критериумот испитува дали економската исплатливост на предлог проектот е потврдена со разумна сигурност, што значи дека нето придобивките се очекува да бидат позитивни. | **3 бода** - ЕИСП (економска интерна стапка на поврат) е повисока од дисконтната стапка[1] за 15,00 или повеќе процентни поени<br>**2 бода** - ЕИСП (економска интерна стапка на поврат) е повисока од дисконтната стапка за 5,00 до 14,99 процентни поени<br>**1 бод** - ЕИСП (економска интерна стапка на поврат) е повисока од дисконтната стапка за 1,00 до 4,99 процентни поени | **25%** |
| 4 | Расположливост на дополнително финансирање | Дали се потенцијално достапни или очекувани надворешни извори на финансирање за предлог проектот? | **3 бода** - Потенцијално се достапни или очекувани грант средства за предлог проектот (потврдено со формална комуникација)<br>**2 бода** – Потенцијално е достапно или очекувано самофинансирање за предлог проектот (потврдено со формална комуникација)<br>**1 бод** - Потенцијално е достапен или очекуван заем од МФИ или билетаралeн кредитор за предлог проектот (потврдено со формална комуникација) | **10%** |
| 5 | Климатска отпорност на предлог проектот | Бодовите се даваат земајќи го предвид климатскиот ризик, т.е. влијанието и веројатноста за опасности предизвикани од климатските промени, како и степенот на трошковно ефикасно прилагодување кон овие ризици. | **2 бода** - предлог проектот е прилагоден на сите идентификувани ризици од климатските промени или проектот не е изложен на ризик од климатските промени<br>**1 бод** - предлог проектот е делумно прилагоден на идентификуваните ризици од климатските промени<br>**0 бода** - предлог проектот не е прилагоден на идентификуваните ризици од климатските промени | **5%** |
| 6 | Влијание врз климатските промени | Бодовите се даваат врз основа на влијанието на предлог проектот врз климатските промени. | **2 бода** - предлог проектот придонесува за намалување на емисиите на стакленички гасови<br>**1 бод** – предлог проектот е неутрален за емисии на стакленички гасови<br>**0 бода** - предлог проектот придонесува за зголемување на емисиите на стакленички гасови | **5%** |

[1] Дисконтната стапка ја утврдува и објавува Министерството за финансии.